



# КАРПОШ
## НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН













# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

**ИЗГОТВУВА:**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА**

# ЦЕЛОСНО РЕКОНСТРУИРАНИ И ПОПЛОЧЕНИ УЛИЦИТЕ ВО БАРДОВЦИ

Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски, денеска од населбата Бардовци, нагласи дека локалната самоуправа токму во ова населено место поплочува деветнаесет улици, со вкупна должина од 1.800 метри. Општинскиот татко Јакимовски, истакна дека оваа инвестиција е со вкупна вредност од 8.100.000 денари, финансиски средства одвоени од буџетот на локалната самоуправа. До крајот на мандатот, ќе бидат поплочени улиците: 10, 12, 14, 16, 18 и 19, а изведувач на оваа инвестиција е фирмата „ Агроселце“.

-Со поплочувањето и со асфалтирањето на улиците, населбата Бардовци ќе биде целосно урбанизирано населено место. Граѓаните кои живеат во овој дел на Општината Карпош, исто така ќе имаат решени инфраструктурни услови за живеење, токму онака како што имаат жителите на Тафталиџе, Влае, Карпош 3,4 и сите останати урбани заедници кои се наоѓаат на територија Карпош, категоричен беше првиот човек на Општина Карпош Стевчо Јакимовски.

Одговарајќи на новинарско прашање, Јакимовски потенцираше дека општинската администрација и самиот тој како градоначалник на Општина Карпош во континуитет работат и ги решаваат проблемите на граѓаните на локалната самоуправа, и дека тоа не е случај само пред избори.

-Доказ за тоа се објавените тендерски постапки, преку кои ние ги реализираме проектите кои се од корист за карпошани. Општина Карпош секогаш низ годините се наоѓа или на првото место по сработени проекти, или меѓу првите три општини од сите општини во Република Македонија, вклучувајќи го и Градот Скопје.







Градоначалникот Јакимовски, прецизираше дека во изминатите четири години се изградени над педесет фасади, заменети голем број на покриви и лифтови, изградени детски паркови, плоштади, заменета и поставена над осумдесет километарска фекална и атмосферска канализација, целосно реконструирани детските градинки и основни училишта кои се наоѓаат на територијата на Општината и дека сето тоа е резултат на постојаниот ангажман на општинските служби.

-Повеќе од 85 % од ветените проекти пред граѓаните се реализирани, и слободно можам да кажам дека граѓаните на Општина Карпош се задоволни од работата на општинската администрација и од мене како градоначалник. Граѓаните се тие кои ја даваат довербата на избори, и убеден сум дека ние нивната доверба сме ја залужиле и повторно ќе ја побараме, појасни градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски.

# ДЕСЕТ ДНЕВЕН ОДМОР
# ЗА ОСНОВЦИ ОД КАРПОШ ВО СТРУГА

Ученици од шесто, седмо и осмо одделение од сите основни училишта кои се наоѓаат на територијата на Општина Карпош, денеска по втор пат заминаа на десет дневен одмор во Струга. Станува збор за 45 основци, чии семејства се наоѓаат во потешка материјална состојба. Учениците ќе престојуваат во одморалиштето Солферино, со вклучен појадок, ручек и вечера. Пет наставници по физичко образование ќе се грижат за основците во текот на летниот одмор. Градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски на карпошовите основци им посака пријатен престој и убав летен одмор.

-Овој летен одмор, искористете го за меѓусебно дружење, забава и релаксација.Токму во овој период кога температурите се доста високи, вие ќе може да пливате, да се капете и да се разладувате во Охридското езеро. Вашите наставници се одговорни за вас во текот на одморот, и секако треба да ги слушате и да ги почитувате, напомена градоначалникот Јакимовски.

Одморот ќе трае од 9 -19 август, и претставува одлична можност за релаксација и „ полнење на батериите“ на основците пред почетокот на новата учебна година во септемри.





# СКУПИ 22 ДОБИ НОВ КОЛОВОЗ

Асфалтирање на крак од ул.Скупи 22 во должина од 220 метри и широчина од 3 метри. Инаку, на оваа улица предходно беше изградена и фекална канализација, нешто што никогаш немаа граѓаните од овој дел. Следна за асфалтирање е улицата Скупи бр.6.






# БУКУРЕШКА СО НОВО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ

Деновиве, целосно го реконструиравме детското игралиште на ул. Букурешка, во населбата Тафталиџе 1. Игралиштето е збогатено со разновидни детски реквизити. Поставени се лулашки, „куќарки", тобоган, и други забавни содржини, изработени од дрво грижејќи се за безбедноста на децата. За многу краток период ќе поставиме и осветлување кои најмалите карпошани ќе можат да го користат ова игралиште особено во летните вечерни часови. Во детското игралиште се поставени и нови клупи, како и корпи за отпадоци.

Тафталиџани, со своите деца, ќе можат да го користат ова игралиште за дружба, рекреација и релаксација. Општина Карпош повеќе од две години во континуитет реконструира и поправа веќе постоечки детски игралишта и апелира истите да бидат сочувани и граѓаните на Карпош да се грижат за нив. Досега се целосно реновирани и пуштени во употреба единаесет вакви детски игралишта, додека во наредните две години локалната самоуправа ќе реновира и реконструира дополнително над дваесет урбани детски катчиња.



